РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 29.10.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 03 | 4448/1 | | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 63/24 и 74/24), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** Друштво за новинарство и издаваштво МЕДИЈА ПРЕС ВМ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, издавач на „Битолски весник“, и тоа:

- изданието од 31 јули 2024 година на „Битолски весник“ бр. 3087/8;

3. **Датум на извршување на надзорот:** 29 октомври 2024 година

4. **Предмет на надзорот:** Надзорот се врши за да се констатира дали издавачот на печатен медиум ја исполнува обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која *„Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

- *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,*
- *име на одговорното лице на издавачот на медиум,*
- *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и*
- *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум“.*

5. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Друштвото за новинарство и издаваштво МЕДИЈА ПРЕС ВМ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, издавач на „Битолски весник“, во изданието бр. 3087/8 од 31 јули 2024 година <u>во целост ја исполнило обврската</u> од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

***Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права***